

**Алине Апостолоска**
**(Македонија/Канада)**

**Aline Apostoloska**
**(Macedonia/Canada)**

**ПУПКА**

Око неумоливо на една совест
неподвижно
свештеничко
истрајно
нерасколебано
Око што не заведува друг облик
што никој вел не би знаел да го смири
Отсуство на благонаклоност
и на услужност
одбива да се засити
Недопрено

Неограничена Жена на сето прво утро

**РОДЕНДЕН**

Линија на експлозија
со видик на секој крај
Влезете влезете
но излегување никогаш
враќањето не е сигурно
калта е пресвежа
грутки глина
во полн облик

По никоја цена не ќе имам
дваесет години
уште еднаш

Уште еднаш одвишно